РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1582/2
01-11 2019 год.
КОЧАНИ

Друштво за производство, трговија и услуги
ТРГОПРОМ 2019 ДООЕЛ
Бр. 03/2019
29.10 2019 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице (во понатамошниот текст : Договорен орган) и
2. **Друштво за производство, трговија и услуги ТРГОПРОМ 2019 ДООЕЛ Кочани,** со седиште на ул„4-та Македонска бригада“ бр.18 Кочани, ЕМБС:7363702, ЕДБ:4013019517348, жиро сметка: 300050000177398 - Комерцијална банка застапувано од управителот Тоше Зафиров, (во понатамошниот текст: Носител на набавката).

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е **Набавка на прехранбени продукти и пијалоци.**
Овој договор се доделува во спроведена постапка за набавка од мала вредност, по Оглас бр.08865/2019 објавен на ЕСЈН на ден 27.09.2019 г., а врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 17.10.2019 година.
Набавката е сукцесивна, во зависност од потребите на Договорниот орган, со времетраење од 12 месеци, сметано од денот на потпишување на договорот.

**Вредност на договорот**

**Член 2**

Вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува: 508.474,57 ден. без вклучен ДДВ, или вкупната вредност на овој Договор за јавна набавка изнесува 600.000,00 ден. со вклучен ДДВ 5%/18%.
Средствата ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани за 2019 и 2020 година, Програма Е0 ставка 423.

Договорниот орган не е обврзан да ја исцрпи вкупната вредност од ст.1 од овој член.

**Начин и рок на плаќање**

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со фактура и испратница, задолжително потпишана од претставници на двете договорни страни, во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на фактурата со испратницата во архивата на Договорниот орган, фактурирани по единечните цени без ДДВ, прилог на овој договор.

**Динамика и начин на испорака на стоките**

**Член 4**

Набавката е сукцесивна и ќе се врши во зависност од потребите и барањата на договорниот орган, во целиот период на времетраење на договорот или до потрошување на договорената вредност.
Набавката ќе се врши по претходно барање/нарачка од договорниот орган. Стоките наведени во техничката спецификација ќе се користат за потребите на договорниот орган, за делегации, гости, манифестации, настани, за социјални пакети за социјално загрозени

граѓани, жители на општина Кочани согласно Правилникот за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за обезбедување на социјални пакети со храна и средства за хигиена за социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани под бр.09-1105/1 од 03.05.2018 година, како и за други потреби.

Рок и место на испорака: носителот на набавката е должен нарачаните стоки со свое возило да ги испорача во рок до најмногу 24 часа сметано од денот на нарачката, на локација: франко зграда на Општина Кочани. Нарачката ќе се врши со поднесување на барање од договорниот орган на официјалната електронска мејл адреса на носителот на набавката.

Лице определено (задолжено) за вршење нарачка и прием на стока/те-Христофор Манов.
Барањето за нарачка ќе ги содржи сите потребни податоци (вид на стока, количина, рок на испорака, лице одговорно за нарачката) за несметано вршење на предметната нарачка.
Испораката на стоката/те ќе се смета за извршена по потпишување на испратница од лицето задолжено од Договорниот орган и задолженото лице на Носителот на набавката.

Во случај на испорака на стоки со лош или несоодветен квалитет, носителот на набавката е должен, по претходно усмено или писмено известување од страна на договорниот орган, да изврши замена на неквалитените стоки со квалитетни и соодветни стоки согласно техничката спецификација и понудата избрана за најповолна за конкретниот дел за јавна набавка, составен дел на овој договор.

Носителот на набавката е должен да испорачува стоки кои поседуваат квалитет потребен за нивна усогласеност со правилата кои се применуваат за нив и стандарди за квалитет потребни за нивната предвидена употреба.

Носителот на набавката гарантира дека ќе испорачува производи безбедни и хигиенски исправни за јавна потрошувачка и исхрана на луѓето во согласност со Законот за безбедност на храната (Сл.весник на РМ бр. 157/10, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013 и 43/2014,72/2015,84/2015,129/2015,213/2015 и 39/2016).

Испорачаните производи да бидат во оригинал фабричко пакување.

Секое пакување да има пропишана декларација.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

**Член 5**

Во случај на доцнење со испораката на стоките предмет на набавка од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,3 % од вредноста на договорот со вклучен ДДВ за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на договорот.

Во случај кога договорната казна е предвидена, а испораката на стоката доцни, потребно е веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на стоката да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стока/те предмет на набавка во дополнително оставен рок од 2 /два/ дена, да го раскине Договорот со проста изјава.

Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

**Квантитативна и квалитативна контрола**

**Член 5**

Квалитативен и квантитативен прием на стоките предмет на набавка од член 1 од овој Договор врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

**Права и обврски**

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката/те ќе му ја врачи на Договорниот орган.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во состојба погодна за употреба.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја изврши во рокот утврден во чл.4 став (4) од овој договор.

**Член 9**

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, ги поднесува Носителот на набавката, а трошоците за превземање на стоката/те и сите други трошоци по предавањето ги поднесува Договорниот орган, ако не е договорено нешто друго.

**Член 10**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката/ите.

**Член 11**

Во врска со ставка 57 од техничката спецификација - Галон (пластичен) за автомат/диспанзер за природна минерална негазирана вода, Пакување до 19 литри минерална негазирана вода во пластичен галон, Носителот на набавката е должен да обезбеди минимум 4 автомати кои ќе бидат сместени во просториите на договорниот орган за цело времетраење на договорот, во случај на дефект истиот е должен да го замени за исправен автомат.
За користење на автоматите договорниот орган нема да плаќа дополнителен надоместок,
По истекот на договорот автоматот му се враќа на носителот на набавката.

**Применлив закон**

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

**Виша сила**

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Осигурување**

**Член 14**

До предавањето на стоката/те на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоката/те го поднесува Носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот не преминува врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стока/и го раскинал договорот или барал замена на стоката/те.

**Член 15**

Договорниот орган може поради неисправни стоки (оштетени стоки или стоки со поминат рок на траење,) да бара од Носителот на набавката, замена на стоката/те во без оглед на тоа кога се појавил недостатокот на стоката. Трошокот за замена на стока/те е на товар на носителот на набавката.

**Член 16**

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 2 дена замена на стоката/те, Договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

**Обештетување**

**Член 17**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 18**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 19**

Договорниот орган има право на надомест на обична штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, Договорниот орган има право да бара од другата договорна страна

надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

**Член 20**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

**Решавање на спорови**

**Член 21**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Времетрање на договорот**

**Член 22**

Овој договр се склучува за период од 12 месеци или до потрошување на договорената вредност.

**Услови за прекинување или раскинување на договорот**

**Член 23**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 24**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 2 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 25**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 26**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 27**

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

**Член 28**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 29**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

**Член 30**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

**Член 31**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време

**Заврши и општи одредби**

**Член 32**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 33**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 34**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за Носителот на набавката, а 4 за Договорниот орган.

**Член 35**

Договорот стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

***Носител на набавката,***
***ТРГОПРОМ 2019 ДООЕЛ Кочани***
***Управител,***

***( Тоше Зафиров )***

***Договорен орган,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

Составен дел на овој Договор е :
- Листа на цени со намалени единечни цени за 13,532 % согласно Извештај од е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

## Листа на цени за Набавка на прехранбени продукти и пијалоци

**КОНДИТОРСКИ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ**

| Реден број | Вид и опис на стоките предмет на набавка | Назив на понудената стока | Единична мерка и количина | Единична цена без ддв во денари | Да се наведе процентот на ДДВ (5% или 18%) | Единечна цена со ДДВ во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Печено мелено кафе пакување до максимум 1 килограм,<br>Состав: мешавина од кафиња арабика и робуста | **Браво премиум Гранд кафе** | **килограм** | 337,23 | **18%** | 397,93 |
| 2. | Инстант мешавина во прав за кафе напиток со вкус на ванила со 8% -10 % инстант кафе, пакување до 250 гр. | **Капучино** | **килограм** | 410,72 | **18%** | 484,65 |
| 3. | Инстант кафе во гранули,100 % кафе, пакување максимум до 250 гр. | **Нес кафе нестеле** | **килограм** | 1.317,77 | **18%** | 1554,97 |
| 4. | Филтер кафе пакување максимум до 250 грама | **Франк филтер кафе** | **килограм** | 1.025,89 | **18%** | 1210,55 |
| 5. | **Кристален рафиниран шеќер бел конзумен пакување до 1 кг.** | **Агро голд** | **килограм** | 28,83 | **5%** | 30,27 |
| 6. | Коцки од шеќер, пакување до 1 килограм, пакување во соодветна хартиена амбалажа | **Рампарт** | **килограм** | 65,88 | **5%** | 69,17 |
| 7. | Солено пециво –микс од переци, рибици и крекери<br>Состојки: пченично брашно, растителна маст, сол, пакување максимум до 500 грама | **Свислион, Макпрогрес** | **килограм** | 98,82 | **5%** | 103,77 |
| 8. | Солени стапчиња , пакување максимум до 250 грама | **Хелоу соленки** | **килограм** | 98,82 | **5%** | 103,77 |
| 9. | Чоколадни бонбони<br>Опис: (чоколаден десерт од млечно и бело чоколадо чоколаден дел мин.25%, мин.сува материја од млеко14 %, вкупна сува материја од какао делови мин.25%<br>Состав:млечно чоколадо, лешник крем, бело чоколадо), пакување максимум до 200 гр. | **Атлантис** | **килограм** | 494,10 | **5%** | 518,81 |
| 10. | Чоколаден десерт полнет со мин. 10 % вишна и алкохол со чоколаден дел мин.25% од вкупната маса | **Шери бонбони** | **килограм** | 617,58 | **5%** | 648,46 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на производот сува материја од млеко 14% -23 %, вкупна сува материја од какао делови мин.25% Состав: шеќер, какао маса, плод од вишна,алкохол, Пакување , максимум до 300 грама. | | | | | |
| **11.** | Бисквит со овошно желе портокал мин.45 % прелиен со чоколадо мин. 15%, пакување максимум до 200 гр. | **Софти ресани, јафа** | **килограм** | 148,23 | 5% | 155,64 |
| **12.** | Вафел производ со чоколаден фил мин.47 %, пакување максимум до 500 гр. | **Таргетчудо, Штарк наполитанка** | **килограм** | 230,58 | 5% | 242,11 |
| **13.** | Печени солени кикирики I класа,без лушпа, вакум пакув до 200 гр. | **Макс, Чеза комерц** | **килограм** | 148,23 | 5% | 155,64 |
| **14.** | Печени солени бадеми I класа -вакум пакување до 200 гр. | **Чеза комерц** | **килограм** | 658,80 | 5% | 691,74 |
| **15.** | Печени солени лешници I класа -вакум пакување до 200 гр. | **Чеза комерц** | **килограм** | 576,46 | 5% | 605,28 |
| **16.** | Печени солени фастци I класа -вакум пакување до 200 грама | **Чеза комерц** | **килограм** | 823,50 | 5% | 864,68 |
| **17.** | Чај во пакување со минимум 20 филтер кесички од по 1,5 гр. (шумско овошје, билкин чај) | **Алкалоид, Грини чај** | **пакување** | 49,41 | 5% | 51,88 |
| **18.** | Чај во пакување со минимум 20 филтер кесички од по 1,5 гр. (хибискус) | **Алкалоид** | **пакување** | 41,18 | 5% | 43,23 |
| **19.** | Новогодишно пакетче, 1 пакување за деца до 12 години составено од:<br>- млечно чоколадо мин.25% вкупна сува материја од какао делови, *мин.* 14% вкупна *сува материја од млеко,* минимум 100 грама;<br>- млечно чоколадо со овошен полнеж мин.29% вкупна сува материја од какао делови, *мин.* 23% вкупна *сува материја од млеко,* минимум 100 грама,<br>- млечно чоколадо со полнеж од млечен фил. мин.29% вкупна сува материја од какао делови, *мин.* 23% вкупна *сува млечна материја,* минимум 50 грама,<br>- екструдирани житарици во форма на мали топчиња прелиени со црно чоколадо, пакување минимум 50 грама, | **Мк производи Витаминка Агроплод Свислион** | **пакетче** | 164,70 | 5% | 172,94 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - кроасан со млечен какао крем мин.25 %, неглазиран, пакување минимум 50 грама,<br>- бисквит со овошно желе од портокал, мин.45 % прелиен со чоколаден прелив мин.15 %;<br>- Сок, овошен нектар (праска) со содржина на овошје минимум 50%, без конзерванси, пакување минимум 0.2 л;<br>-тортица-бисквитен колач полнет со крем од ванила мин.25 % и прелив со вкус на чоколадо мин.15 %, пакување минимум 50гр.,<br>-флипс со кикиритки или еквивакент, пакување од 70 до 100гр.,<br>-солени стапчиња, пакување минимум 100 грама<br>-бонбони млечни карамели, пакување минимум 100 грама | | | | | |
| **20.** | ПВЦ чаши минимум 0,2 литри (мин.100/1 пакување) | **Хемофарм-ларипласт** | **пакување** | 36,64 | **18%** | 43,23 |
| **21.** | ПВЦ чаши минимум 0,1 литри (мин.100/1 пакување) | **Хемофарм-ларипласт** | **пакување** | 36,64 | **18%** | 43,23 |
| **22.** | ПВЦ чаши минимум 0,5 литри (мин.100/1 пакување) | **Увоз титик, центро пром** | **пакување** | 146,55 | **18%** | 172,93 |
| **23.** | ПВЦ чинии 18-23 цм мин.50/1 пакување | **ларипласт** | **пакување** | 73,28 | **18%** | 86,47 |
| **24.** | ПВЦ ножеви мин.100/1 пакување | **ларипласт** | **пакување** | 73,28 | **18%** | 86,47 |
| **25.** | ПВЦ лажици мин.100/1 пакување | **ларипласт** | **пакување** | 73,28 | **18%** | 86,47 |
| **26.** | ПВЦ вилушки мин.100/1 пакување | **ларипласт** | **пакување** | 73,28 | **18%** | 86,47 |
| **27.** | Украсно кесе за вино<br>Минимални ориентациони диминзии<br>10x10x35 см.(ширина x страница x висина) | **Офис експрес** | **парче** | 21,98 | **18%** | 25,94 |
| **28.** | Хартиено украсно кесе за подароци<br>(минимални ориентациони димензии<br>39 x 9 x 31см. (ширина x страница x висина) | **Офис експрес** | **парче** | 36,64 | **18%** | 43,23 |
| **29.** | Хартиени чинии 18-23 цм мин. до 30 броја /1 | **брегал** | **Пакување** | 25,65 | **18%** | 30,26 |
| **30.** | Хартиени подметачи мин.до 30 броја/1 | **брегал** | **Пакување** | 25,65 | **18%** | 30,26 |
| **31.** | Хартиени чаршави за маса , должина минимум 2м., ширина минимум 1.2 | **Хемофарм** | **парче** | 7,32 | **18%** | 8,64 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алкохолни и безалкохолни пијалоци | 32. | Виски – стаклена амбалажа,<br>волумен максимум до 1000 мл,<br>минимум алкохол 40% vol | **Балантаин** | **литар** | 965,85 | **18%** | 1139,70 |
| | 33. | Жесток алкохолен пијалок од гроздова пулпа,<br>Со мин.37,5 % јачина на алкохол во волумен<br>волумен максимум до 1000 мл, | **Лозова жолта(бела) - тиквеш** | **литар** | 371,81 | **18%** | 438,74 |
| | 34. | Бренди – стаклена амбалажа,<br>волумен максимум до 1000 мл,<br>минимум алкохол 36% | **Коњак бренди (бадел)** | **литар** | 440,99 | **18%** | 520,36 |
| | 35. | Алкохолен пијалок- посебна гроздова,овошна ракија со арома на анасон,<br>- стаклена амбалажа<br>- волумен максимум до 1000 мл,<br>со мин.40 % јачина на алкохол во волумен | **Мастика** | **литар** | 423,69 | **18%** | 499,96 |
| | 36. | Ароматизираниот алкохолен пијалок со анасон<br>- стаклена амбалажа<br>- волумен максимум до 1000 мл,<br>минимум алкохол 40% vol | **Узо-сантали** | **литар** | 458,28 | **18%** | 540,77 |
| | 37. | Трпезно бело вино со минимум 9% природна јачина на алкохол до максимум 15 % природна јачина на алкохол, волумен максимум до 1000 мл,<br>- стаклена амбалажа<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | **Смедеревка -тиквеш** | **литар** | 99,44 | **18%** | 117,34 |
| | 38. | Трпезно црвено вино со минимум 9% природна јачина на алкохол до максимум 15 % природна јачина на алкохол<br>волумен максимум до 1000 мл,<br>- стаклена амбалажа<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за | **Кавадарка -тиквеш** | **литар** | 99,44 | **18%** | 117,34 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | | | | | |
| **39.** | Вино црвено со контролирано потекло - со минимум 11% природна јачина на алкохол стаклена амбалажа,<br>максимум волумен до 1000 мл<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | **Александрија -тиквеш** | **литар** | 242,11 | **18%** | 285,69 |
| **40.** | Бело вино со контролирано потекло, со минимум 11% природна јачина на алкохол<br>максимум волумен до 1000 мл<br>- стаклена амбалажа<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | **Александрија** | **литар** | 242,11 | **18%** | 285,69 |
| **41.** | Бело вино со контролирано потекло, со минимум 11% природна јачина на алкохол<br>максимум волумен до 1000 мл<br>**- СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА, БЕЗ ЕТИКЕТА, РЕПРЕЗЕНТАТИВНО СО ПЛУТЕНА ТАПА.**<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | **Александрија** | **литар** | 432,34 | **18%** | 510,16 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **42.** | Вино црвено со контролирано потекло - со минимум 11% природна јачина на алкохол , **СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА, БЕЗ ЕТИКЕТА, РЕПРЕЗЕНТАТИВНО СО ПЛУТЕНА ТАПА**.<br>максимум волумен до 1000 мл<br>Сортите на грозје за производство на вино се класифицираат на "препорачани" и "одобрени" сорти. Сите класифицирани сорти на грозје за производство на вино припаѓаат на родот Vitis vinifera или потекнуваат од вкрстување на овој со други родови на genus Vitis, одобрени од Меѓународната организација за лозарство и винарство (ОИВ). | **Александрија** | **литар** | 432,34 | **18%** | 510,16 |
| **43.** | Пиво - со содржина од 7,5 - 12% (m/m) на екстракт; светло (сува материја добиена од слад) волумен максимум до 1000 мл | **Златен даб 0,5 л** | **литар** | 63,99 | **18%** | 75,50 |
| **44.** | Овошен сок од портокал (негазиран)<br>- содржина на **овошје 100%,**<br>- картонска амбалажа обложена со алуминиумска непропустлива фолија<br>волумен максимум до 1000 мл | **Бимилк Таково Вива** | **литар** | 55,34 | **18%** | 65,30 |
| **45.** | Овошен нектар од јаболка/праска без шеќер (негазиран)<br>- содржина на **овошје минимум 50%,**<br>- картонска амбалажа обложена со алуминиумска непропустлива фолија<br>волумен максимум до 1000 мл | **Таково** | **литар** | 26,81 | **18%** | 31,63 |
| **46.** | Освежителен газиран **брендиран** безалкохолен пијалак на база на **лимон ,** вклучувајќи сок од лимон мин. 2%, **засладен со шеќер,**<br>волумен максимум до 500 мл (пластична амбалажа) | **Швепс 1л** | **литар** | 63,99 | **18%** | 75,50 |
| **47.** | Освежителен **газиран брендиран безалкохолен пијалак со природни ароми вклучувајќи и кофеин**, без додаток на конзерванси, **засладен со шеќер**, боја Е150D, регулатор на киселост Е338, волумен максимум до 500 мл (пластична амбалажа) | **Кока кола 1л** | **литар** | 61,39 | **18%** | 72,44 |
| **48.** | Освежителен газиран **брендиран** безалкохолен пијалак на база на **портокал,** вклучувајќи сок од портокал мин.3%, **засладен со шеќер,** боја Е160А, регулатор на киселост Е330, екстракт од цитросно | **Фанта 1л** | **литар** | 61,39 | **18%** | 72,44 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | овошје, природна арома на портокал со други природни ароми, конзерванс Е202, антиоксиданс Е300, стабилизатор Е412,<br>волумен максимум до 500 мл (пластична амбалажа) | | | | | |
| **49.** | Освежителен газиран **брендиран** безалкохолен пијалак на база на **портокал,** вклучувајќи сок од портокал мин.3% , засладен со шеќер, боја Е160А, регулатор на киселост Е330, екстракт од цитросно овошје, природна арома на портокал со други природни ароми, конзерванс Е202, антиоксиданс Е300, стабилизатор Е412,<br>волумен минимум 1000 мл (пластична амбалажа) | **Фанта 1,750 мл** | **литар** | 26,81 | **18%** | 31,63 |
| **50.** | Освежителен **газиран брендиран безалкохолен пијалак со природни ароми вклучувајќи и кофеин,** без додаток на конзерванси, засладен со шеќер, боја Е150D, регулатор на киселост Е338<br>волумен минимум 1000 мл (пластична амбалажа) | **Кока кола 1,750 мл** | **литар** | 31,99 | **18%** | 37,75 |
| **51.** | Освежителен газиран **брендиран** безалкохолен пијалак на база на **лимон**, вклучувајќи сок од лимон мин. 2%, засладен со шеќер,<br>волумен минимум 1000 мл (пластична амбалажа) | **Спрајт 1,750 мл** | **литар** | 26,81 | **18%** | 31,63 |
| **52.** | **Природна минерална негазирана вода**<br>волумен максимум 500 мл (пластична амбалажа) | **Изворска Хеба евина** | **литар** | 20,75 | **18%** | 24,49 |
| **53.** | **Природна минерална негазирана вода**<br>волумен максимум 1500 мл (пластична амбалажа) | **Еваина Изворска хеба** | **литар** | 10,81 | **18%** | 12,75 |
| **54.** | **Природна минерална негазирана вода**<br>волумен 330 -500 мл (стаклена амбалажа) | **маја** | **литар** | 54,47 | **18%** | 64,28 |
| **55.** | **Природна минерална газирана вода**<br>волумен максимум 500 мл (пластична амбалажа) | **Кожувчанк а Центро бизнис** | **литар** | 24,21 | **18%** | 28,57 |
| **56.** | **Природна минерална газирана вода**<br>волумен максимум 1500 мл (пластична амбалажа) | **Кожувчанк а Евина** | **литар** | 9,34 | **18%** | 11,02 |
| **57.** | **Галон (пластичен) за автомат/диспанзер за природна минерална негазирана вода** | **Кожувчанк а** | **литар** | 10,38 | **18%** | 12,24 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пакување до 19 литри минерална негазирана вода во пластичен галон.<br>Автоматите (4 броја) за вода ги обезбедува носителот на набавката, во случај на дефект на автоматот за вода во текот на времетраење на договорот носителот на набавката е должен да го замени со исправен апарат, на свој трошок. | **Евина** | | | | |
| **МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ** | **58.** | Млеко мин.3,2% млечни масти стерилизирано, пакување во картонска амбалажа обложена со алуминиумска непропустлива фолија, мин.1000мл | Пекабела Натура | литар | 43,23 | 5% | 45,40 |
| | **59.** | Млеко 2,8% - 3,2 % млечни масти стерилизирано, пакување во картонска амбалажа обложена со алуминиумска непропустлива фолија, минимум 1000мл | Пекабела Натура | литар | 41,50 | 5% | 43,58 |
| | **60.** | Млеко 1,5% - 1,8% млечни масти стерилизирано, пакување во картонска амбалажа обложена со алуминиумска непропустлива фолија<br>пакување минимум 1000мл | Пекабела | литар | 39,78 | 5% | 41,76 |
| | **61.** | Кашкавал кравји<br>Состав: пастеризирано кравјо млеко, содржина на млечна маст во сува материја минимум 45 %, вакум пакување од 0,300 кгр. до 1 кгр. | Млакара хит златиборски | килограм | 311,28 | 5% | 326,85 |
| | **62.** | Сирење кравјо<br>Состав: пастеризирано кравјо млеко, масти во сува материја минимум 45 % вакум пакување, пакување од 0,300 кгр. до 1 кгр. | Млакара хит | килограм | 216,17 | 5% | 226,98 |
| | **63.** | Млечна кисела павлака, содржина на млечна маст од 10% до 18% , пакување макс. до 200 гр. | Здравје радово Балкан крем павлака | килограм | 103,76 | 5% | 108,95 |
| | **64.** | Јогурт од кравјо млеко со минимум млечна маст од 3 % , волумен максимум до 200 мл | Идеал шипка | литар | 43,23 | 5% | 45,40 |
| | **65.** | Млечно топено сирење за мачкање<br>Полномасно топено сирење за мачкање да содржи најмалку 41 % сува материја пакување во хартиена кутија до максимум 150 грама, односно минимум 8 парчиња во 1 кутија | **Хепи кау. едам хајду** | **килограм** | 380,46 | **5%** | 399,48 |
| **ДРУГИ** | **66.** | Пилешка паштета, содржина на протеини од месо и | **обелиск** | **килограм** | 121,06 | **5%** | 127,11 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ** | | дробови мин.8%, пакување од 50 гр. до 200 гр. во фолија со термичко затворање | | | | | |
| | **67.** | Месен нарезок од свинско месо, содржина на маст максимум 30%, содржина на издробено саламурено месо мин.80% , лимена амбалажа пакување од 0,150 гр. до 0,175 гр. со механизам за отворање | **Обелиск 0,150** | **килограм** | 147,00 | **5%** | 154,35 |
| | **68.** | Пилешка виршла од фино исетнени парчиња пилешко месо, содржина на вкупни протеини од месо мин.9%, поедниечна тежина од 50 до 100 гр. пакување вакумирано | **кики** | **килограм** | 82,14 | **5%** | 86,25 |
| | **69.** | Колбас од месо во Шунка, пилешка, содржина на вкупни протеини од месо мин.12%, вакуум пакување до 1 кгр. | **кики** | **килограм** | 164,21 | **5%** | 172,42 |
| | **70.** | парчињаБарен колбас од месо во парчиња Шунка, свинска, содржина на вкупни протеини од месо мин.10%, вакуум пакување до 1 кгр. | **кики** | **килограм** | 172,94 | **5%** | 181,58 |
| | **71.** | **Барен екстра колбас од ситно иситнето месо во парчиња во мин. 12% вкупни протеини од месо. Посебна салама пилешка, вакуум пакување до 1 кгр.** | **Посебна пил 0,700 - 1кг кики** | **килограм** | 81,28 | **5%** | 85,34 |
| | **72.** | Леб полубел од пченично брашно тип 500, (400-600 гр.) цел, пакуван во соодветна амбалажа | **Жито ориз ко** | **килограм** | 47,56 | **5%** | 49,94 |
| | **73.** | Округли лебчиња за сендвичи, од пченично брашно тип 500, пакувани во соодветна амбалажа до 1 кг, (едно лебче минимум 150 гр.) | **Балка лукс Жито ориз** | **килограм** | 43,23 | **5%** | 45,40 |
| | **74.** | **Масло за јадење - .рафинирано масло за јадење од сончоглед пакувано во шишиња од максимум 1/1 литар** | **Кристал, Бисер, Сани Цвет банат** | **литар** | 54,47 | **5%** | 57,20 |
| | **75.** | Пченично брашно тип 500 пакување 1/1 кг. | **Кадино** | **килограм** | 25,94 | **5%** | 27,24 |
| | **76.** | Пченично брашно тип400 пакување 1/1кг | **Кадино** | **килограм** | 31,13 | **5%** | 32,68 |
| | **77.** | Пченично брашно тип 400 пакувано во книжна вреќа мин.1/25кг. | **Кадино** | **килограм** | 24,21 | **5%** | 25,42 |
| | **78.** | Пченично брашно тип 500 пакувано во книжна вреќа мин. 1/25кг. | **Кадино** | **килограм** | 20,75 | **5%** | 21,79 |
| | **79.** | **Сол ситна прехранбена јодирана, содржина на јод од 20 до 30 мг/кг КЈОЗ сол, пакување** | Тузла Алкалоид | **килограм** | 22,48 | **5%** | 23,61 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **максимум 1 кг.** | **Евросол** | | | | |
| **80.** | Мелено говедско месо, произведено од разладено свежо месо, 1 категорија, пакување максимум 10 кг | **кики** | **килограм** | 380,46 | **5%** | 399,48 |
| **81.** | Пиле смрзнато А класа пакување максимум 2 кг | **Амета пиле** | **килограм** | 121,06 | **5%** | 127,11 |
| **82.** | Пилешки копан , А класа, смрзнато, макс. 2 кг | **Краток копан** | **килограм** | 83,01 | **5%** | 87,16 |
| **83.** | Пилешко месо, копан со наткопан, А класа, смрзнато, максимум 2 кг | **Пингвита** | **килограм** | 83,01 | **5%** | 87,16 |
| **84.** | Ориз бел, глазиран прва класа, големина на зрното над 5 мм, реколта 2017год., пакување максимум 1кг. (кочански) | **Кочански ориз-даниво** | **килограм** | 56,20 | **5%** | 59,01 |
| **85.** | Мајонез (сончогледово масло мин.75% и жолчка 6%), пакуван во стаклена или пластична амбалажа до 1 кгр. | **Мирана витаминка** | **килограм** | 84,74 | **5%** | 88,98 |
| **86.** | Доматен кечап, содржина на сува материја со потекло од домат мин.8 % во пакување до 1/1 кг. | **Бест он Витаминка Мирана** | **килограм** | 69,17 | **5%** | 72,63 |
| **87.** | **Макарони со јајца пакување 400-500 гр** | **Дивела Панона** | **килограм** | 55,34 | **5%** | 58,11 |
| **88.** | **Фиде со јајца пакување 400-500 грама** | **Дивела** | **килограм** | 55,34 | **5%** | 58,11 |
| **89.** | **Леќа пакување 400-500 грама** | **Макс** | **килограм** | 67,45 | **5%** | 70,82 |
| **90.** | **Маргарин за мачкање, млечен, оригинално пакување 240-500 грама** | **Линко** | **килограм** | 103,76 | **5%** | 108,95 |
| **91.** | **Кокошкина бистра супа со фиде мин.62 гр. оригинално пакување** | **макс** | **парче** | 13,83 | **5%** | 14,53 |

***Носител на набавката,***
***ТРГОПРОМ 2019 ДООЕЛ Кочани***
***Управител,***

***( Тоше Зафиров )***

***Договорен орган,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки- Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*